РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

MQS
Бр./Nr 12-5841/2
24-02-2021

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19), и член 40 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од познат подносител, на 46-та седница одржана на 19.02.2021 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата поднесена на 31.12.2019 година од подносителот ----------- до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-5841/1 од 31.12.2019 година, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-30727/1 од 07.06.2019 година од причина што наводите во пријавата не се однесуваат на сомневање за можна злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба од службено лице заради остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг, за што е надлежна ДКСК согласно овој Закон.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-5841/1 од 31.12.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од подносителот -------------.

Во пријавата се бара повторување на судска постапка водена пред Основниот суд Кавадарци за надомест на штета предизвика од сообраќајна несреќа помеѓу две возила во која учествувал и пријавителот, која завршила во 2013 година со донесување на Пресуда од Основниот суд Кавадарци. Во пријавата се наведува дека подносителот на пријавата бил доведен во заблуда и потпишал Спогодба со број П1 -247/11 со која ја признал вината и се согласил на рати да го плаќа долгот. По потпишување на спогодбата, тој бил тужен од Националното биро за осигурување Скопје да им исплати надомест на штета на оштетените на име регресен долг.

По разгледување на наводите во пријавата, ДКСК констатира дека наводите во пријавата не се однесуваат на сомневање за можна злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност

или положба од службено лице заради остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг, за што е надлежна ДКСК согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, па оттаму заклучи дека нема елементи за нејзино надлежно постапување во конкретниот случај и предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р И. П.
Одобрил: К.Н., член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик претседател,
м-р Шемши Салаи